**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр. 09-1682/1**
**17.12.2025 год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 17, 17-а, 17-б, 17-в, 17-г, 17-д, 17-ѓ, 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, ..., 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, ..., 193/25), Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие („Службен весник на РСМ“ бр. 213/24), како и Решението на Советот на Општина Гевгелија бр. 09-1642/1 од 10.12.2025 година за формирање Комисија за селекција за избор на членови на Управниот и Надзорниот одбор на ЈП за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија, Советот на Општина Гевгелија објавува

ЈАВЕН ПОВИК
за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управниот одбор и на Надзорниот одбор за контрола на материјално–финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија

1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на овој јавен повик е избор на:

- членови на Управниот одбор на ЈП за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија и
- членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално–финансиското работење на ЈП за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија,

со седиште на ул. „7-ми Ноември“ бр. 50, Гевгелија. Мандатот на членовите на Управниот и на Надзорниот одбор трае 4 (четири) години.

2. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

Право на пријавување на јавниот повик имаат лица кои ги исполнуваат следните општи услови:

- Лицата/кандидати да се државјани на Република Северна Македонија;
- Имаат стекнато најмалку 240 ЕКТС кредити или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие;
- Во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда немаат изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност.

3. ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ

А) За членови на Управниот одбор

Покрај општите услови, кандидатите за членови на Управниот одбор треба да имаат и соодветно работно искуство и тоа:

- работно искуство од областа на управување, организација или комунални дејности;
- познавање на регулативата од областа на јавните претпријатија и комуналните дејности.

Б) За членови на Надзорниот одбор

Покрај општите услови, кандидатите за членови на Надзорен одбор треба да имаат соодветно работно искуство во согласност со потребната структура на одборот и тоа:

- Еден член од областа на финансиското работење: да има најмалку 5 (пет) години работно искуство од областа на финансиското работење, сметководството или ревизијата;
- Еден член од областа на правните работи: да има најмалку 5 (пет) години работно искуство од областа на правните работи;
- Еден член со работно искуство во дејноста: да има најмалку 5 (пет) години работно искуство од областа на управување, организација или комунални дејности.

## 4. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Како доказ за исполнување на условите, кандидатите доставуваат:

- Кратка биографија (CV);
- Доказ за државјанство на Република Северна Македонија;
- Уверение/диплома за завршено високо образование (240 ЕКТС или VII/1 степен), согласно бараниот профил;
- Потврда дека со правосилна судска пресуда не е изречена казна или прекршочна забрана за вршење професија, дејност или должност;
- Потврда за евидентиран стаж од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија (како доказ за работно искуство);
- Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи и други релевантни докази издадени од овластени, односно акредитирани институции, доколку ги поседува кандидатот.

Во пријавата кандидатот наведува дали конкурира за:

- член на Управен одбор,
- член на Надзорен одбор,
- или за двете тела, доколку ги исполнува условите.

## 5. РОК, НАЧИН И МЕСТО НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Кандидатите поднесуваат пополнета пријава (образец – даден во прилог на јавниот повик) со потребната документација и доказите во писмена форма (во оригинал или копија заверена на нотар), преку Архива на општинската администрација на Општина Гевгелија, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот, или по пошта со назнака:

„За јавен повик за избор на членови на Управниот одбор и на Надзорниот одбор на ЈП за комунални дејности 'Комуналец' Гевгелија – не отворај".

Адреса по пошта: Општина Гевгелија, ул. Димитар Влахов бр.4 Гевгелија

Рокот за доставување на пријавите трае 5 (пет) дена, почнувајќи од 17.12.2025 година до 21.12.2025 година.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страницата на Општина Гевгелија (https://gevgelija.gov.mk), на веб-страницата на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија (https://www.komunalecgevgelija.mk) и на огласната табла во општинската зграда на Општина Гевгелија.

Претседател
на Совет на Општина Гевгелија
Анета Стамкова